# ПРИЛОГ 6.А: ПРОЦЕС НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ОПШТ ДОГОВОР ЗА РАЗВРЗАН ПРИСТАП НА ЛОКАЛНА ЈАМКА И СООДВЕТНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ ДОГОВОРИ

## СОДРЖИНА


**1. Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка ... 1**
1.1 Поднесување на барање за склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка ... 1
1.2 Понуда од Македонски Телеком АД ... 2
1.3 Склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка ... 2
**2. Склучување на Индивидуален Договор За Колокација ... 2**
2.1 Прием на Барањето ... 2
2.2 Понуда од Македонски Телеком АД ... 3
2.3 Склучување на Индивидуален Договор За Колокација ... 4
**3. Склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување 5**
3.1 Општи услови за склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување ... 5
3.2 Добивање на Барањето ... 5
3.3 Понуда на Македонски Телеком АД ... 6
3.4 Склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување. 6
**4. Склучување на Индивидуален Договор За Локална Јамка ... 6**
4.1 Добивање на Барањето ... 6
4.2 Понуда на Македонски Телеком АД ... 8
4.3 Склучување на Индивидуален Договор За Локална Јамка ... 8
4.4 Измени и дополнувања на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка ... 9


## 1. Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка

### 1.1 Поднесување на барање за склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка

**1.1.1** Следниве документи ќе бидат приложени со барањето за склучување на Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка (исклучок од ова се документите кои Македонски Телеком АД веќе ги поседува):

**а)** Копија од документот подготвен од страна на АЕК (Агенција за Електронските Комуникации) со кој се потврдува регистрирањето на нотификацијата на Страната Барател за обезбедување на електронска комуникациска услуга за која е потребно Разврзан Пристап На Локална Јамка;

**б)** Копија од Страната Барател од уписот во Трговскиот Регистар;

**в)** Почетното Предвидување на Колокациските Места, количините на Локалните Јамки и MDF Блокови кои на барање на Страната Барател треба да се доделат во рамките на одреден период поделени по области на Главен Разделник (MDF) и начинот на обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка (целосно разврзан пристап, поделен пристап) согласно распоредот дефиниран во Прилог 3 (Список на MDF Места и Распоред за Имплементација) ;

**г)** Потпишана изјава за доверливост врз основа на формулар дефиниран во Додаток I.Ѓ (Формулар за Изјава за Доверливост) во два примерока;

**д)** Изјава на Страната Барател за признавање и прифаќање на условите и барањата наведени во МАТЕРУО (вклучувајќи ги и Прилозите) ;

**ѓ)** Изјава од Страната Барател за намерата да склучи Општ Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и за превземање на обврската да му ги плати на Македонски Телеком АД надоместоците за склучување и извршување на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка, како и барање до Македонски Телеком АД да му овозможи плаќање на назначените Еднократни Надоместоци за обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка

на 36 еднакви месечни рати.

**1.1.2** Процесот на Предвидување е дефиниран во Прилог 6.Б (Предвидување).

**1.1.3** Македонски Телеком АД го потврдува приемот на барањата за склучување на Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка во рок од 30 (триесет) дена сметано од датумот на нивниот прием.

**1.1.4** Доколку барањето поднесено за склучување на Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка не ги содржи податоците согласно Точка 1.1.1, тогаш истото нема да има правно дејство. Во рок од 10 (десет) дена од приемот на Барањето, Македонски Телеком АД ќе ја извести Страната Барател за причините за одбивањето на Барањето. Страната Барател е должна да поднесе ново барање за склучување на Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка кое ќе го содржи сите податоци согласно Точка 1.1.1.

**1.2 Понуда од Македонски Телеком АД**

**1.2.1** Со цел да се склучи Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка , Македонски Телеком АД ќе испрати свој нацрт Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка до Страната Барател по 30 (триесет) дена сметано од датумот на прием на барањето од Страната Барател

**1.2.2** Македонски Телеком АД на барање на Страната Барател ќе обезбеди информации за границите на географското подрачје на бараниот MDF на дигитална карта (или урбанистичка подлога) во случај Страната Барател да ја обезбеди истата за бараното географско подрачје.

**1.3 Склучување на Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка**

**1.3.1** Страната Барател ќе го врати на Македонски Телеком АД Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка потпишан од нејзин овластен потписник.

**1.3.2** Овластен потписник на Македонски Телеком АД ќе го потпише Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка испратен до Страната Барател согласно Точка 1.2, во рок од 5 (пет) дена сметано од датумот на прием на Општ Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка потпишан со овластен потписник од Страната Барател. Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка стапува на сила на датумот на негово потпишување од страна на Македонски Телеком АД.

**1.3.3** Врз основа на Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка, Страните склучуваат:

**а)** Индивидуален Договор За Колокација за користење на индивидуална Колокациска Единица На Страната Барател;

**б)** Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување за користење на индивидуални Компоненти На Кабелско Поврзување;

**в)** Индивидуален Договор За Локална Јамка за користење на индивидуална Локална Јамка.

Условите од Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка ќе се применуваат врз Индивидуалните Договори.

**2. Склучување на Индивидуален Договор За Колокација**

**2.1 Прием на Барањето**

**2.1.1** Страната Барател може да поднесе Барање За Колокација по стапувањето на сила на Општиот Договор За Развrзан Пристап На Локална Јамка. Индивидуалното Барање За Колокација може да се однесува само на Колокациското Место кое е наведено во

Предвидувањето за тој квартал.

**2.1.2** Барањето За Колокација ќе ги содржи податоците дефинирани во Формуларот За Барање кои се суштински за склучувањето на Индивидуален Договор За Колокација и исто така Страната Барател ќе го приложи кон Барањето За Колокација своето Почетно Предвидување, вклучувајќи ги количините на Локалните Јамки, MDF Блокови наменети да се користат на тоа Колокациско Место, димензии на техничката опрема и нацрт на позициите (рам за опрема за пренос и HDF рам), барање за градење, барање за обезбедување на постојана техничка поддршка и дефинирање на видот и обемот на активностите на поврзување на опремата кои се предвидува да се спроведат од Страната Барател.

**2.1.3** Доколку Барањето За Колокација не ги содржи податоците дефинирани во Точка 2.1.2, тогаш истото нема да има правно дејство. Во рок од 10 (десет) дена од приемот на Барањето, Македонски Телеком АД ќе ја извести Страната Барател за причините за одбивањето на Барањето. Страната Барател е должна да поднесе ново Барање За Колокација.

**2.1.4** Во случај на Физичка Колокација, кога Страната Барател има намера да гради посебна раздвојна структура, Страната Барател треба да го поднесе својот градежен план заедно со Барањето за склучување на Индивидуален Договор За Колокација.

**2.1.5** Доколку Страната Барател има намера да користи високо ниво на техничка поддршка при отстранување на грешки, Страната Барател треба да поднесе барање за Обезбедување На Постојана Техничка Поддршка за соодветната Колокација.

Во зависност од техничките можности за конкретната Колокација, Македонски Телеком АД овозможува Постојана Техничка Поддршка после 16.00 часот или во секое време.

**2.2°Понуда од Македонски Телеком АД**

**2.2.1**°Македонски Телеком АД испраќа известување до Страната Барател за резултатот од почетниот преглед во распределба по Колокациски Места како одговор на Барањето За Колокација од Страната Барател, кое се однесува на Колокациските Места наведени во Предвидувањето, во рок од 15 (петнаесет дена) сметано од датумот на поднесување на таквото Барање. Резултатот од почетниот преглед вклучува и информација дали има можност за обезбедување на Колокација.

**2.2.2**°Во случај кога нема можност за обезбедување Физичка Колокација на одредено Колокациско Место, според резултати од почетен преглед спроведен според Точка 2.2.1, Македонски Телеком АД ќе се обиде да обезбеди Оддалечена Колокација на тоа Колокациско Место.

**2.2.3**°Македонски Телеком АД треба да обезбеди информации за можноста за обезбедување на Оддалечена Колокација и во случај да постои Македонски Телеком АД треба да ја понуди оваа можност на Страната Барател. Доколку Македонски Телеком АД не е во можност да ги задоволи Барањата За Колокација на Страната Барател, Македонски Телеком АД треба да даде образложение за истото, наведувајќи ги причините за одбивање на Барањето За Колокација.

**2.2.4**°Доколку Македонски Телеком АД ја извести Страната Барател за резултатот од првичниот преглед, дека просторот е недоволен или е достапен до одреден степен, или во Колокациското Место воопшто нема простор, тогаш Страната Барател – под услов Страната Барател да го преземе овој чекор во рок од 5 (пет) дена, сметано од приемот на известувањето испратено од страна на Македонски Телеком АД – може да го посети засегнатото Колокациско Место на датум којшто ќе го договори со Македонски Телеком АД и во придружба на лице определено од Македонски Телеком АД. Доколку Страната Барател побара да го посети засегнатото Колокациско Место, Македонски Телеком АД ќе има право на Страната Барател да и фактурира Еднократен Надоместок За Прелиминарен Преглед На Колокација, дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци) за надоместување на своите трошоците за обезбедување на лице за придружба и за одење на самото место.

Доколку Страните бараат независен експерт да реши за расправата во врска со Колокациското Место, тие ќе ги делат трошоците по 50% на секоја од Страните.

**2.2.5** Македонски Телеком АД ќе има право на Страната Барател да и фактурира Еднократен Надоместок За Прелиминарен Преглед На Колокација, дефиниран во Прилог 8.Б. (Надоместоци), по испраќањето на известувањето за резултатот на првичниот преглед во согласност со точка 2.2.1.

**2.2.6°** Доколку врз основа на резултатот од првичниот преглед:

**а)**°Страната Барател го откаже Барањето За Колокација во рок од 5(пет) дена сметано од денот на приемот на истото; или
**б)**°доколку Македонски Телеком АД не е во можност да го задоволи барањето на Страната Барател,

Страната Барател ќе го плати само Еднократниот Надомест За Прелиминарен Преглед На Колокација, дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци) во согласност со Точка 2.2.5 и Страната Барател нема да плати никакви други надоместоци поврзани со Колокацијата.

**2.2.7°** Македонски Телеком АД треба да ги испрати резултатите од деталниот преглед до (30) триесетиот ден сметано од приемот на Барањето За Колокација, доставено за Колокациските Места во Предвидувањата, до Страната Барател. Истовремено, Македонски Телеком АД треба да го испрати и Индивидуалниот Договор За Колокација до Страната Барател. Деталните резултати од прегледот треба да го вклучуваат следново:

**а)** дефинирање на работите што треба да се спроведат;
**б)** надоместот за работите како што е наведено во Прилог 8.Б (Надоместоци); и
**в)** датумот на имплементација.

**2.2.8** Македонски Телеком АД ќе има право на Страната Барател да и фактурира Еднократен Надомест За Детален Преглед На Колокација, дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци), по испраќањето на известувањето за резултатот на деталниот преглед во согласност со Точка 2.2.6.

**2.2.9°**Во случај кога Страната Барател во комплетното Барање за Физичка Колокација има наведено барање за градење на посебна структура за раздвојување и заштита на Опремата На Страната Барател, Македонски Телеком ќе има право да наплати Еднократен Надомест За Детален Преглед На Колокација и Еднократен Надомест За Преглед На Градежен План На Колокација, дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци), по испраќањето на известувањето за резултатот на деталниот преглед во согласност со Точка 2.2.6.

**2.2.10°**Во случај кога Страната Барател во комплетното Барање за Колокација има наведено барање за постојана техничка поддршка на Опремата На Страната Барател за соодветната колокација, Македонски Телеком ќе има право да наплаќа Месечен Надомест За Обезбедување На Постојана Техничка Поддршка – после 16.00 часот или преку целото време кои се дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**2.3°Склучување на Индивидуален Договор За Колокација**

**2.3.1°**Страната Барател ќе и го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Колокација, потпишан од овластен потписник.

**2.3.2°**Страната Барател ќе го извести Македонски Телеком АД во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од приемот на нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Колокација што била испратена до неа во согласност со Точка 2.2.6, за нејзиното решение за тоа дали Страната Барател ја прифаќа нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Колокација понудена врз основа на деталниот преглед на Македонски Телеком АД.

**2.3.3°**Доколку Страната Барател не му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Колокација потпишан од овластен потписник, којшто Македонски Телеком АД и го пратил во согласност со Точка 2.2.6 во рок од 21 (дваесет и еден) ден сметано од датумот на испраќање на нацрт верзијата од Договорот, Македонски Телеком АД ќе го откаже Барањето на Страната Барател.

**2.3.4°**Овластен потписник на Македонски Телеком АД ќе го потпише Индивидуалниот Договор За Колокација испратен до Страната Барател во согласност со Точка 2.2.6 во рок од 5 (пет) дена сметано од датумот на прием на Индивидуалниот Договор За Колокација потпишан со овластен потписник на Страната Барател. Индивидуалниот Договор За Колокација стапува на сила на датумот кога ќе биде потпишан од Македонски Телеком АД.

**2.3.5°**Предуслов за стапување на сила на Индивидуалниот Договор За Колокација е стапувањето на сила на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка.

**2.3.6°**Страната Барател не може да го одбие предавањето на Колокациската Единица На Страната Барател, доколку Колокациската Единица На Страната Барател ги исполнува техничките барања што требало да се исполнат според одредбите содржани во Прилог 4.В (Технички и Услови на Средината за Колокациското Место).

**2.3.7**° Веднаш по завршувањето на градежните активности и предавањето на Колокациската Единица На Страната Барател, во случај кога Страната Барател гради посебна структура за раздвојување, тогаш Македонски Телеком има право да му наплати на Страната Барател Еднократен Надомест За Технички Надзор кој е опишан во Прилог 8.Б (Надоместоци).

## 3.°Склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување

### 3.1°Општи услови за склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување

Барањето на Страната Барател за Компоненти На Кабелско Поврзување треба да се дефинира во однос на MDF Блоковите. Специфицираното барање за проширување на MDF Блоковите автоматски го дефинира обемот на проширување на:

**а)**° во случај на Физичка Колокација, HDF Блоковите;
**б)**° количина на Кабелот За Поврзување;
**в)**° во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка количината на Сплитерите На Страна На Централата.

### 3.2°Добивање на Барањето

**3.2.1**°Страната Барател може да достави Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување по стапувањето на сила на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка. Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување може да се однесува само на такво Колокациско Место за кое што Страната Барател доставила Барање За Колокација истовремено со ова Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување или пред тоа.

**3.2.2**°Македонски Телеком АД треба да го потврди приемот на Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од приемот на истото.

**3.2.3** Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување треба да ги вклучува оние податоци дефинирање во Формуларот За Барањето кои се неопходни за склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување.

**3.2.4**°Доколку Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување не ги содржи податоците дефинирани во Точка 3.2.3, тогаш истото нема да има правно дејство. Во рок од 10 (десет) дена од приемот на Барањето, Македонски Телеком АД ќе ја извести Страната Барател за причините за одбивањето на Барањето.. Страната Барател е должна да поднесе ново Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување.

**3.2.5**°Страната Барател може да ја наведе количината на Компонентите На Кабелско Поврзување барани од нејзина страна во Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување во однос на количината на MDF Блоковите дефинирани во Прилог 4 (Опис На Услуги).

**3.2.6**°Страната Барател ќе биде обврзана навремено да склучи Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување, земајќи ги предвид условите дефинирани во Прилог 6.В (Исполнување на Договорот) и Прилог 6.Б (Предвидување) за обезбедување на потребната количина на MDF Блокови за обезбедување на Развրзан Пристап На Локална Јамка и со тоа да осигури дека доволна количина на Компоненти На Кабелско Поврзување секогаш ќе биде достапна за секое Колокациско Место за обезбедување на Развրзан Пристап На Локална Јамка.

### 3.3°Понуда на Македонски Телеком АД

**3.3.1**°Македонски Телеком АД ја испраќа нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување до Страната Барател во рок од 30 (триесет) дена сметано од датумот на прием на Барањето За Компоненти На Кабелско Поврзување на Страната Барател доставено во рамките на количините на MDF Блокови, што треба да се пресмета врз основа на:

**а)** доставеното Предвидување; и
**б)** горната граница на најголемото дозволено отстапување наведено во Прилог 6.Б (Предвидување).

**3.3.2**°Македонски Телеком АД не може да биде обвинет за доцнење, доколку може да докаже дека датумот на исполнување за спроведување во договорите со добавувачот за Компоненти На Кабелско Поврзување не соодветствува со датумот на исполнување побаран од Страната Барател заради причини кои не се во надлежност на Македонски Телеком АД. Ова се однесува на доцнењата кои се резултат на подолго време за набавка на добавувачот споредено со регулираните крајни рокови.

### 3.4°Склучување на Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување

**3.4.1** Страната Барател ќе му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување, потпишан од овластен потписник.

**3.4.2** Страната Барател ќе го извести Македонски Телеком АД во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од приемот на нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување што била испратена до неа во согласност со Точка 3.3.1 за нејзиното решение за тоа дали Страната Барател ја прифаќа нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување понудена на Македонски Телеком АД.

**3.4.3** Доколку Страната Барател не му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување потпишан од овластен потписник, којштo Македонски Телеком АД и го пратил во согласност со Точка 3.3.1 во рок од 21 (дваесет и еден) ден сметано од денот на испраќањето на нацрт верзијата од Договорот, Македонски Телеком АД ќе го откаже Барањето на Страната Барател.

**3.4.4** Овластен потписник на Македонски Телеком АД ќе го потпише Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување испратен до Страната Барател во согласност со Точка 3.3.1 во рок од 5 (пет) дена сметано од датумот на прием на Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување потпишан од овластен потписник на Страната Барател. Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување стапува на сила на датумот кога ќе биде потпишан од Македонски Телеком АД.

**3.4.5**°Предуслов за стапување на сила Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување е стапувањето на сила на Општиот Договор За Развրзан Пристап На Локална Јамка и Индивидуалниот Договор За Колокација за одредено Колокациско Место.

## 4.°Склучување на Индивидуален Договор За Локална Јамка

### 4.1°Добивање на Барањето

**4.1.1** Страната Барател може да достави Барање За Локална Јамка по стапувањето на сила на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка само за конкретно дефинирана Локална Јамка. Барањето За Локална Јамка може да се однесува само на такво Колокациско Место за кое што:

**а)**Страната Барател веќе го има доставено Барањето За Колокација или Страните веќе имаат склучено Индивидуален Договор За Колокација; и
**б)** достапна е слободна количина на МДФ Блокови, или Страната Барател веќе има доставено Барање За Компоненти На Кабелско Поврзување за Разврзан Пристап На Локална Јамка во потребниот степен.

Страната Барател може да достави Барање За Промена На Опрема само за Локалната Јамка која се користи според важечкиот Индивидуален Договор За Локална Јамка.

**4.1.2**°Македонски Телеком АД го потврдува приемот на Барањето За Локална Јамка во рок од 10 (десет) дена сметано од датумот на прием на истото.

**4.1.3**°За да биде Барањето За Локална Јамка потребно е доставување на следниве податоци, според приложеното во Додатоците од оваа референтна понуда:

**а)**°име и презиме, адреса и телефонски број на Претплатникот кој користел/користи фиксни говорни телефонски услуги од Македонски Телеком АД на бараната Локална Јамка;
**б)**°дефинирање на потребата, дали се работи за целосно разврзан пристап или поделен пристап;
**в)**°времетраењето на бараниот Индивидуалниот Договор За Локална Јамка, коешто барање треба да биде во согласност со Претплатничкиот Пред-Договор;
**г)**°видот и начинот на поставување на опремата којашто Страната Барател сака да ја користи на Локалната Јамка;
**д)**°копија од деловите од Претплатничкиот Пред-Договор склучен со Претплатникот, врз основа на кои податоците дадени од Страната Барател во точките од а) до г) може да се проверат;
**ѓ)**°изјава на Страната Барател дека има намера да ги склучи потребните Индивидуални Договори со Македонски Телеком АД под условите наведени во Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка;
**е)**°во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка изјава на Претплатникот дека сака и понатаму да го задржи важечкиот Претплатнички Договор со Македонски Телеком АД.

**4.1.4**°Доколку Барањето За Локална Јамка или Барањето За Промена На Опрема не ги вклучуваат податоците дефинирани во Точка 4.1.3 и во формуларот За Барање, тогаш истото нема да има правно дејство. Во рок од 10 (десет) дена од приемот на Барањето, Македонски Телеком АД ќе ја извести Страната Барател за причините за одбивањето на Барањето.. Операторот-корисник треба да поднесе ново Барање За Локална Јамка со вклучување на сите потребни податоци.

**4.1.5**°Врз основа на доставеното Барање За Локална Јамка или Барањето За Промена На Опрема, Македонски Телеком АД отпочнува со процедурата за примопредавање на Локалната Јамка на Операторот-корисник без да врши мерење на истата. Доколку локалната јамка не е соодветна за користење од страна на Операторот-корисник, во рок од 5 дена Операторот-корисник треба да го извести Македонски Телеком и да побара мерење на Локалната Јамка со Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност или Индивидуален Тест За Соодветност На Барање. Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност утврдува дали опремата којашто Страната Барател сака да ја користи нема да предизвика намалување на квалитетот на услугите (штетна интерференција) на останатите Локални Јамки и може да се поврзе на бараниот начин за подесување на опремата.

**4.1.6**°Доколку е побаран Индивидуален Тест За Соодветност На Барање, Македонски Телеком АД ги мери параметрите на Локалната Јамка и според тоа одредува дали опремата што Страната Барател има намера да ја употреби може да се употреби на бараниот начи на подесување на опремата. Во случај Индивидуален Тест За Соодветност На Барање да не е побаран, Страната Барател ги поднесува сите ризици поврзани со соодветноста на Локалната Јамка за наменетата употреба.

**4.1.7**°Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност се однесува на впредената бакарна

парица помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и MDF и во текот на овој тест Македонски Телеком АД го мери следниот параметар на останатите Локални Јамки во истиот кабел – намалување на квалитетот на услугите (штетна интерференција) со мерење однос на сигналот и шумот (мерени според 10 kHz опсег до 2 MHz) на останатите Локални Јамки.

**4.1.8** Индивидуалниот Тест За Соодветност На Барање се однесува на впредената бакарна парица помеѓу Претплатничката Пристапна Точка и MDF и во текот на овој тест Македонски Телеком АД ги мери следниве параметри:

**а)**°должина на Локалната Јамка;
**б)**°DC отпор на јамката;
**в)**°внесено слабеење (40 kHz, 150 kHz, 300 kHz);
**г)**°линиско ниво на шум(во опсег од 10 kHz-2 MHz);
**д**)°однос на сигналот и шумот (мерени според 10 kHz опсег до 2 MHz).

## 4.2 Понуда на Македонски Телеком АД

**4.2.1** Македонски Телеком АД ја известува Страната Баратeл во рок од 10 (десет) дена сметано од датумот на прием наБарањето За Локална Јамка доставено во рамките на количините на Локални Јамки, што треба да се пресмета врз основа на

**а)**°доставеното Предвидување; и
**б)**°горната граница на најголемото дозволено отстапување наведено во Прилог 6.Б (Предвидување).

Истовремено, Македонски Телеком АД ја праќа нацрт верзијата од Индивидуалниот Договор За Локална Јамка до Страната Барател.

**4.2.2**°Доколку е побаран Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност на Локалната Јамка, Македонски Телеком АД го испраќа резултатот од мерењето до Страната Барател во рок од 5 (пет) дена од приемот на Барањето и по испраќање на резултатот до Страната Барател, Македонски Телеком АД ќе има право да и фактурира на Страната Барател Надомест За Минимален Преглед На Локална Јамка, дефиниран во Прилог 8.Б (Надоместоци). Во случај на позитивен резултат на Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност, Страната Барател ќе му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Локална Јамка, потпишан од овластен потписник (точка 4.3.1). Доколку резултатот од Минималниот Индивидуален Тест За Соодветност е таков што Македонски Телеком АД ќе го одбие Барањето на Страната Барател, Македонски Телеком АД ќе ги задржи документите од техничките тестови и доколку АЕК го бара тоа, мора да ги стави документите на располагање на АЕК заради инспекција

## 4.3°Склучување на Индивидуален Договор За Локална Јамка

**4.3.1** Страната Барател ќе му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Локална Јамка, потпишан од овластен потписник.

**4.3.2** Страната Барател ќе го извести Македонски Телеком АД во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од приемот на нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка што била испратена во согласност со Точка 4.2.1 за нејзиното решение за тоа дали Страната Барател ја прифаќа нацрт верзијата на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка понудена од Македонски Телеком АД.

**4.3.3** Доколку Страната Барател не му го врати на Македонски Телеком АД Индивидуалниот Договор За Локална Јамка потпишан со овластен потписник, којшто Македонски Телеком АД & го пратил во согласност со Точка 4.2.1 во рок од 21 (дваесет и еден) ден сметано од денот на испраќањето на нацрт верзијата од Договорот, Македонски Телеком АД ќе го откаже Барањето на Страната Барател.

**4.3.4** Овластен потписник на Македоснки Телеком АД ќе го потпише Индивидуалниот Договор За Локална Јамка испратен до Страната Барател во согласност со Точка 4.2.1 во рок од 5 (пет) дена сметано од датумот на прием на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка потпишан од овластен потписник на Страната Барател. Индивидуалниот Договор За Локална Јамка стапува на

сила на датумот кога ќе биде потпишан од Македонски Телеком АД.

**4.3.5** Предуслов за стапување на сила Индивидуалниот Договор За Локална Јамка е стапувањето на сила на Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка и Индивидуалниот Договор За Колокација за одредено Колокациско Место и релевантниот Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување.

**4.3.6** Врз основа на склучениот Индивидуален Договор За Локална Јамка, Македонски Телеком АД ќе има право по предавањето на Локалната Јамка на Страната Барател да и фактурира Еднократен Надоместок За Поврзување, дефиниран во Прилог 8.Б. (Надоместоци).

**4.3.7** Страната Барател не може да го одбие предавањето на Локалната Јамка, доколку таа ги исполнува техничките барања што требало да се исполнат според Индивидуалниот Договор За Локална Јамка и Општиот Договор За Разврзан Пристап На Локална Јамка.

**4.4 Измени и дополнувања на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка**

**4.4.1** Правилата кои се применуваат за склучување на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка ќе се применуваат и за измените и дополнувањата на истиот.

**4.4.2** Во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка, доколку фиксната говорна телефонска услуга обезбедена за Претплатникот од страна на Македонски Телеком АД на Локалната Јамка засегната со обезбедувањето на поделен пристап до неа е прекината, Македонски Телеком АД ќе ја извести за тоа Страната Барател и Македонски Телеком АД ќе има право да иницира измена и дополнување на Индивидуалниот Договор За Локална Јамка и да иницира измена на Договорот во Договор за Целосно Разврзан Пристап На Локалната Јамка или Договор За Поделен Пристап На Локална Јамка За Користење На Повисоките Фреквенции (“naked DSL”). Страната Барател ќе испрати до Македонски Телеком АД нацрт верзијата на измената на Договорот потпишан од нејзин овластен потписник во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од датумот на прием на нацрт верзијата на Договорот или Страната Барател ќе го раскине предметниот Индивидуален Договор За Локална Јамка со вообичаено известување. Во случај Македонски Телеком АД да не добие одговор од Страната Барател за нацрт верзијата на измената на Договорот во рок од 21 (дваесетиеден) ден сметано од денот на испраќањето на нацрт верзијата на Договорот, ќе се смета дека Страната Барател го прифаќа предлогот на Македонски Телеком АД и го менува Договорот во Индивидуален Договор За Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка или Договор За Поделен Пристап На Локална Јамка За Користење На Повисоките Фреквенции (“naked DSL”).